Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 17-а став 4 од Законот за јавните претпријатија(„Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22, 208/24 и 193/25) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,03/09,18/10,15/14,15/18, 06/19 и 08/21), на предлог на Градоначалникот

Советот на Општина Велес на 7-та седница одржана на ден_.01.2026 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за престанок на мандатот на претседател, заменик претседател, членови и заменик членови во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес**

1. Со ова Решение се констатира престанок на мандатот на претседателот, заменик претседателот, членовите и заменик членовите во Комисијата за селекција за избор на членови во управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес:

   - Марија Чатмова, претседател;
   - Анита Пивкова, заменик претседател;
   - Магдалена Грубор, член;
   - Зорица Миладиновска, заменик член;
   - Борислав Костадиновски, член и
   - Димче Велев, заменик член.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

Согласно член 17-а став 4 од од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24): „За избор на членови во управниот одбор на јавното претпријатие основано од општината и Градот Скопје, на предлог на градоначалникот на општината односно градоначалникот на Градот Скопје, Советот на општината, односно Советот на Градот Скопје, формира Комисија за селекција составена од: претседател и негов заменик, од редот на вработените во општината, односно во Градот Скопје, еден член и негов заменик, вработени во организациона единица за управување со човечки ресурси во општината, односно во Градот Скопје, од која е основано јавното претпријатие и еден член и негов заменик, вработени во јавното претпријатие за кое е објавен повик за пројавување интерес за пријавување на кандидатите“ и член 26- а: „Во постапката за именување и разрешување на членови во надзорниот одбор во јавното претпријатие се применуваат одредбите на членовите 17-а, 17-б, 17-в, 17-г, 17д и 17-ѓ од овој закон кои се однесуваат на постапката за именување и разрешување на членови на управен одбор“.

Советот на Општина Велес донесе Решение за формирање Комисија за селекција за избор на членови во управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр.25-2123/20 од 27.04.2023 година и Решенија за именување член во Комисија за селекција за избор и членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес бр.25-4986/31 од 13.12.2024 година и бр.25-3016/29 од 28.05.2025 година.

Од ЈП„Парк –Спорт и Паркинзи“ Велес на ден 22.01.2026 година доставено е Известување дека членот Борислав Костадиновски не е повеќе вработен во јавното претпријатие поради исполнување на услови за старосна пензија, а за останатите членови поради зголемен обем на работни обврски им престанува мандатот.

Врз основа на горенаведеното се предлага ова Решение до Советот на Општина Велес.

**Општина Велес**

---

**From:** JPSSO PARK-SPORT, VELES <jpssoparksportveles@gmail.com>
**Sent:** четврток, 22 јануари 2026 14:49
**To:** Општина Велес
**Cc:** Анита Пивкова
**Subject:** информација

Почитувана,
Ве известуваме дека Борислав Костадиновски, потранешен вработен во ЈП „Парк - Спорт и Паркизни" Велес, веќе не е во редовен работен однос поради исполнување на условите за старосна пензија од 07.11.2025 година. Истиот не може повеќе да бдие член и Заменик член на комисиите за селекција за избор на членови во Упаравниот и Надзорниот одбор на ЈП.

Како лица кои можат да бидат членови односно заменик членови во новоформираната комисија се Димче Велев и Горан Дончов.

Со почит,
Диме Велев